# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 7 05 Август 2021 година, четврток

www.valandovo.gov.mk


## С О Д Р Ж И Н А

### Совет на Општина Валандово:


**1. Решение** за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион број 07-56/7 од 25.07.2008 година ...................2

**2. Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион број 07-56/7 од 25.07.2008 година ........................................................2

**3. Решение** за објавување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион (Пречистен текст) ...................................... 4

**4. Одлука** за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион (Пречистен текст) ...... 4

**5. Решение** за објавување на Одлуката за определување на широчината на крајбрежен појас на водотект „К1“ и „К2“ во опфатот на селоРаброво ..... 6

**6. Одлука** за определување на широчината на крајбрежен појас на водотект „К1“ и „К2“ во опфатот на село Раброво ............................................ 6

**7. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица“ во Валандово .......................... 7

**8. Одлука** за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица“ во Валандово ...................................................... 7

**9. Решение** за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортско-културна манифестација „Јосифовско лето“ 2021 година .................................................................. 8

**10. Одлука** за финансиска поддршка за реализација на спортско-културна манифестација „Јосифовско лето“ 2021 година ................................................... 8

**11. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Спортски фудбалски клуб „ПРОКТ-ЈОСИФОВО“ – с.Јосифово, Валандово ....................... 8

**12. Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Спортски фудбалски клуб „ПРОКТ-ЈОСИФОВО“ – с.Јосифово, Валандово ................................................................... 8

**13. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост“ Удово ........ 9

**14. Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост“ Удово .......................................................... 9

**15. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово .. 9

**16. Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово .................................................... 9

**17. Решение** за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3 x 3 во Валандово ........ 9

**18. Одлука** за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3 x 3 во Валандово ..................................................... 10

**19. Решение** за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за реализација на традиционална манифестација „Ромска вечер“ 2021 година ... 10

**20. Одлука** за финансиска поддршка за реализација на традиционална манифестација „Ромска вечер“ 2021 година .................................................. 10

**21. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2021“ во с. Јосифово .......................... 10

**22. Одлука** за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2021“ во с. Јосифово 11

**23. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување средства за доделување на парична награда на учесници во справувањето со пожарите кои зафатија дел од подрачјето на Општина Валандово на почетокот од месец август 2021 година ................. 11

**24. Одлука** за одобрување средства за доделување на парична награда на учесници во справувањето со пожарите кои зафатија дел од подрачјето на Општина Валандово на почетокот од месец август 2021 година ...................................................... 11
**25. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година .................................................... 11
**26. Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година ........... 12
**27. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на измената на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година ..,.... 12
**28. Заклучок** за усвојување на измената на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година .................................................... 12
**29. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година .......................... 12
**30. Заклучок** за усвојување на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година ................................................................... 12
**31. Решение** за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година ........... 13
**32. Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година ............................................................ 13

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион број 07-56/7 од 25.07.2008 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион број 07-56/7 од 25.07.2008 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/4 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 26 став 5 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/2021), Советот на општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион број 07-56/7 од 25.07.2008 година**

**Член 1**

Во член 3, зборовите „ул.„Сандо Масев" бр.1" се заменуваат со зборовите „Бул. Маршал Тито бр.1-1".

**Член 2**

Во член 4 став 1 зборовите „ги врши следниве работи" се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Југоисточен плански регион и тоа".

Во член 4 став 1 алинеа 3 на крајот на реченицата се додаваат зборовите „и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност".

Во член 4 став 1 алинеа 4 зборовите „најдоцна до 15-ти декември во тековната година до Бирото за регионален развој" се заменуваат со зборовите „во законски определениот рок".

Во член 4 став 1 на почетокот на алинеа 13 се додаваат зборовите „ изготвува, поднесува апликации и".

Во член 4 став 1 алинеа 15 по зборот „работење" се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот", а зборот „доставува" се заменува со зборот „поднесува".

Во член 4 став 1 алинеа 16 зборот „административни" се заменува со зборовите „административно - технички".

Во член 4 став 1 по алинеата 16 се додаваат три нови алиеи и тоа:

- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Член 3**

Во член 5 став 1 зборот „раководител" се заменува со зборот „директор", а зборот „конкурс" се заменува со зборот „оглас" по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој".

Во член 5 став 2 по зборот „мнозинство" се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас".

**Член 4**

Членот 6 се менува и гласи:

**„Член 6"**

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на Југоисточниот плански регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до

изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.“

**Член 5**

Членот 7 се менува и гласи:

**„Член 7”**

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на Југоисточниот плански регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството од Законот за рамномерен регионален развој, кои се во надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Југоисточниот плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и други аботи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

**Член 6**

Во член 8 став 1 зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“, а зборовите „сектори или“ се бришат.

Во член 8 став 2 зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“ и зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Во член 8 став 3 по зборовите „правата и обврските“ се додава зборот „одговорностите“,зборот „администрација“ се заменува со зборовите „стручна служба“ и зборот „државни“ се заменува со зборот „административни“.

Во член 8 по став 3 се додаваат уште 2 нови ставови:

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Член 7**

Во член 9 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

Во член 9 став 5 се менува и гласи:

„По истекот на три месеци Советот за развој на Југоисточниот плански регион мора да го усвои Финанскиот план на Центарот.“

**Член 8**

Во член 11 став 3 се менува и гласи:

„Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година.“

**Член 9**

Членот 12 се менува и гласи:

Општините кои влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планските региони, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот, за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центраротод ставот 1 на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

**Член 10**

Во член 13 став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“.

**Член 11**

Член 16 се менува и гласи:

„Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Југоисточниот плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите за тековната година.

**Член 12**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Валандово, а ќе се применува по нејзино донесување од страна на сите Совети на општините од Југоисточниот плански регион.

Бр.08-65/4 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за основање на Центар за развој на југоисточниот плански регион**
**(Пречистен текст)**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за основање на Центарот за развој на југоисточниот плански регион (Пречистен текст), што Советот на Општина Валандово ја усвои на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/5 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 26 став 5 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021 ), а согласно Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион (број 07-56/7 од 25.07.2008 година), Советот на општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, усвои

**О Д Л У К А**
**за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион**
**(Пречистен текст)**

**Општи одредби**

**Член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Југоисточниот плански регион, се основа Центар за развој на Југоисточниот плански регион.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион го основаат 10-те општини кои влегуваат во составот на планскиот регион.

**Член 2**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**Член 3**

Седиште на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е во Струмица на Булевар “Маршал Тито” бр.1-1.

**Делокруг на работа на Центарот**

**Член 4**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Југоисточниот плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност
- Ги доставува предлог проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, во законски определениот рок;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Југоисточниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;

- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Организациска поставеност**

**Член 5**

Центарот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот на Центарот го избира Советот за развој на Југоисточниот плански регион, со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Мандатот на директорот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 6**

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

**Член 7**

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Југоисточниот плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.

**Член 8**

Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Југоисточниот плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Финансирање на Центарот**

**Член 9**

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Предлог финансискиот годишен план на Центарот за следната календарска година, мора да се достави до Советот за развој на Југоисточниот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Југоисточниот плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.

**Член 10**

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион, се согласни да го финанираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**Член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Југоисточниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

**Член 12**

Општините кои влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планските региони, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот, за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрарот од ставот 1 на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

**Член 13**

На предлог на членовите на Советот или на предлог на директорот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, е основан откако сите Совети на Единиците на Локалната Самоуправа од Југоисточниот плански регион ќе донесат Одлука за основање на Центарот.

**Член 15**

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на директор на Центарот од страна на Советот.

До изборот на директор на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, се овластува претседателот на Југоисточниот плански регион да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука.

**Член 16**

Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Југоисточниот плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите за тековната година.

**Член 17**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово“, а ќе се применува по нејзино донесување од страна на сите Совети на општините од Југоисточниот плански регион.

Бр.08-65/5 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за за определување на широчината на крајбрежен појас на водотекот „К1“ и „К2“ во опфатот на село Раброво**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за за определување на широчината на крајбрежен појас на водотекот „К1“ и „К2“ во опфатот на село Раброво, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/6 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планитање (“Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 131, став 2, точка 3 од Законот за водите (“Службен весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната

самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 05.08.2021 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за определување на широчината на заштитен крајбрежен појас на водотекот „К 1",и „К3" во опфатот на село Раброво**

### Член 1

Со оваа одлука се определува широчината на заштитниот крајбрежен појас на водотеците „К1" и „К3" во опфатот на село Раброво, согласно елаборатот за хидролошки и хидраулички пресметки за димензионирање на водотеци во село Раброво, со технички број 118/21-Е изработен од ДПИ Хидроинженеринг Струмица, заради заштита и одржување на речното корито и бреговите на водотекот.

### Член 2

Водотекот „К1" се дефинира со трапезно мајор корито, со ширина на горна основа од 2,5 метри, ширина на долна основа од 2,0 метри и длабочина од 0,8 метри. Наклонот на страните на попречниот профил изнесува 3:1

Предвидената регулација на водотекот започнува на стационажа 2+366 или детална точка со координати 7 632 647,31; 4 576 701.31, а завршува на стационажа 3+045 или детална точка со координати 7 632 263.41; 4 576 271.66.

На водотекот „К1" се дефинира заштитен појас на предвидениот трапезен профил од три метри на двете страни од краевите на мајор коритото.

Бидејќи водотекот „К1" го тангира планскиот опфат односно во делови помеѓу овие две стационажи влегува и излегува вон планскиот опфат истиот при издавање на одобрение за градење на регулацијата на водотекот ќе се дефинира со посебен урбанистички проект за инфраструктура.

### Член 3

Водотекот „К3" се дефинира со правоаголно мајор корито, со ширина на основа од 1,0 метри и длабочина од 1,2 метри.

Предвидената регулација на водотекот започнува на стационажа 1+392 или детална точка со координати 7 633 169,71; 4 576 223.39, а завршува на стационажа 1+570 или детална точка со координати 7 633 107.71; 4 576 044.33.

На водотекот „К3" се дефинира заштитен појас на предвидениот правоаголен профил од три метри на двете страни од краевите на мајор коритото.

Бидејќи водотекот „К3" поминува покрај предвидена сообраќакница, на местото каде суводолицата се вкрстува со сообракајницата се предвидува покривање на мајор коритото со армирано бетонски плочи.

Бидејќи водотекот „К3" го тангира планскиот опфат односно во делови помеѓу овие две стационажи влегува и излегува вон планскиот опфат истиот при издавање на одобрение за градење на регулацијата на водотекот ќе се дефинира со посебен урбанистички проект за инфраструктура.

### Член 4

Составен дел на оваа одлука се: елаборатот за хидролошки и хидраулички пресметки за димензионирање на водотеци во село Раброво со технички број 118/21-Е изработен од ДПИ Хидроинженеринг Струмица и согласноста од Министерството за животна средина и просторно планирање.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објаувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-65/6 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/10 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
**за одобрување на средства како финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово**

### Член 1

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, од програма А0 Совет на општина, потставка 464 990 - Други трансфери, се одобруват средства во износ од 1.500.000,00 денари, финансиска поддршка на Општина Валандово во изградбата на црквата „Рождество на Пресвета Богородица" во Валандово.

### Член 2

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука, ќе бидат преведени на инвеститорот Македонска православна црква-Охридска архиепископија-Повардарска православна епархија Велес, на сметка:

МПЦ Повардарска Епархија, број на сметка: 210040688821710, депонент Тутунска банка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/6 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортско-културна манифестација „Јосифовско лето“ 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортско-културна манифестација „Јосифовско лето“ 2021 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/11 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска подршка за реализација на спортско-културна манифестација „Јосифовско лето“ 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 400.000,00 денари, како финансиска поддршка на Општина Валандово во реализацијата на спортско-културната манифестација „Јосифовско лето“ 2021 година, која ќе се одржи во месец август, во организација на Спортскиот фудбалски клуб „ПРОЕКТ-ЈОСИФОВО“ с.Јосифово, Валандово.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма А0 Совет на Општина Валандово, подставка 463110 трансфери до здруженија на граѓани, на сметката на организаторот на манифестацијата Спортски фудбалски клуб „ПРОЕКТ-ЈОСИФОВО“ с.Јосифово, Валандово.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/11 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Спортски фудбалски клуб „ПРОКТ-ЈОСИФОВО“ – с.Јосифово, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Спортски фудбалски клуб „ПРОКТ-ЈОСИФОВО“ – с.Јосифово, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/12 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 31.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Спортски фудбалски клуб „ПРОЕКТ-ЈОСИФОВО“ - с.Јосифово, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 250.000,00 денари, на Спортски фудбалски клуб „ПРОЕКТ-ЈОСИФОВО“, за реализација на програмски активности и настап во прелиминарната фаза од Лигата на шампионите, како шампион во првата македонска футсал лига, во натпреварувачката 2020/2021 година.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма А0-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Спортски фудбалски клуб „ПРОЕКТ-ЈОСИФОВО“ - Јосифово, број 200003053202644 депонент Стопанска банка.

**Член 3**

Корисникот е должен одобрените средства наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се користени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/12 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост“ Удово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост“ Удово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/13 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Младост“ Удово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, на ФК „Младост“ Удово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Младост“ Удово број 200002512222489 депонент Стопанска банка.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/13 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/14 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за реализација на програмски активности на ФК „Победа“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари, на ФК „Победа“ Валандово за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/14 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3 х 3 во Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за финансиска поддршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3 х 3 во Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/15 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска подршка за реализација на спортска манифестација турнир во баскет 3 х 3 во Валандово**

**Член 1**
Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, за реализација на спортската манифестација, турнир во баскет 3 х 3, кој ќе се одржи во Валандово, во периодот од 18 до 20 август 2021 година, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари.

**Член 2**
Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма А0 Совет на општина, подставка 463110 трансфери до здруженија на граѓани, на сметката на организаторот Здружение за спорт „Тим БГГ“ -Валандово, број 210072940770168 депонент НЛБ банка.

**Член 3**
Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/15 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за реализација на традиционална манифестација „Ромска вечер“ 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за финансиска поддршка за реализација на традиционална манифестација „Ромска вечер“ 2021 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/16 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска подршка за реализација на традиционална манифестација „Ромска вечер“ 2021 година**

**Член 1**
Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 25.000,00 денари, финансиска поддршка на Општина Валандово за покривање на трошоци за реализација на традиционална манифестација „Ромска вечер“ 2021 година.

**Член 2**
Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма А0 Совет на општина, подставка 463110 трансфери до здруженија на граѓани, на име на организаторот на манифестацијата.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/16 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2021“ во с. Јосифово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на

традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2021“ во с. Јосифово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/17 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за финансиска поддршка за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2021“ во с. Јосифово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари на Здружение на граѓани „РОК-ФЕСТ ЦАЛЕ“ с. Јосифово, како финансиска поддршка од Општина Валандово за одржување на традиционален меморијален рок концерт „ЦАЛЕ 2021“ во с. Јосифово.

**Член 2**

Средства од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Програма А0-Совет на Општина, ставка 463 трансфери до невладини организации, на сметка на Здружение на граѓани „РОК-ФЕСТ ЦАЛЕ“ с. Јосифово 210072179860167 НЛБ Тутунска банка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/17 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување средства за доделување на парична награда на учесници во справувањето со пожарите кои зафатија дел од подрачјето на Општина Валандово на почетокот од месец август 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за средства за одобрување на парична награда на учесници во справувањето со пожарите кои зафатија дел од подрачјето на Општина Валандово на почетокот од месец август 2021 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/2 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за доделување на парична награда на учесници во справувањето со пожарите кои зафатија дел од подрачјето на Општина Валандово на почетокот од месец август 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово за 2021 година, се одобруваат средства во износ од 150.000,00 денари, за доделување на парична награда на Тимот за брз одговор на ПЕ Валандово при Дирекцијата за заштита и спасување, доброволци и пожарникари, за активен придонес во борбата со справувањето со пожарите кои зафатија дел од подрачјето на Општина Валандово на почетокот од месец август 2021 година.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма А0-Совет на општина, подставка 464990 други трансфери.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/2 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021 до 30.06.2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/3 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 05.08.2021 година, расправаше по Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 30.06.2021 година, па врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 30.06.2021 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2021 година до 30.06.2021 година, на вкупно остварени приходи од 130.945.532,00 денари, односно 44,72% од планираните приходи и на извршени расходи од 124.731.598,00 денари, односно 42,60% од планираните расходи.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/3 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на измената на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на измената на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/8 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на измената на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2021 година, бр.01-638/1 од 29.07.2021 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/8 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/9 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четириесет и деветтата редовна седница одржана на ден 05.08.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2022 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2022 година, бр.02-641/1 од 30.07.2021 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-65/9 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08.2021 година.

Бр.09-661/7 Градоначалник
05.08.2021 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 40 став 1, во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 32/20"), член 22, став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 15 став 1 точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година („Службен гласник на Општина Валандово“ бр. 12/20 и 4/21), Советот на Општина Валандово на четириесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 05.08. 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2021 година, во точка Г, се додаваат две нови подточки Г2 и Г3, кои гласат:

„**Г2:** Се започнува постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Г3-1-сервис за одржување на моторни возила на КП 543/2 КО Раброво, Општина Валандово.

Финансирањето на изработката на урбанистичкиот проект со сите потребни пропратни елаборати, согласности и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект.

Изборот на вршителот на работите за изработување на урбанистичкиот проект од став 1 на оваа подточка, се врши од страна на заинтересираното лице“.

**„Г3:** Се започнува постапка за донесување на урбанистички план за вон населено место за повеќенаменска зона КО Валандово-Вон град на КП 1889/2, 1889/1, 1891/3, 1891/5, 1892/2, 1892/1, 1875/4, 1875/3, 1875/5 и 1888 со намени Б2-големи единици за трговија, Б5-хотели и хотелски кокмплекси, Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги, и производство на енергија од обновливи извори, Г4-стоваришта, складови и отпади, Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило, Е1-Сообраќајни, линиски и други инфраструктури и Е2.1-згради и комплекси на патниот сообраќај.

Финансирањето на изработката на урбанистички план за вон населено место со сите потребни пропратни елаборати, согласности и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот план.

Изборот на вршителот за работи за изработување на урбанистичкиот план од став 1 на оваа подточка, се врши од страна на заинтересираното лице“.

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-65/7 Совет на Општина Валандово
05.08.2021 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---